Република Северна Македонија

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-37/2
09.02.2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 667/1 од 19.12.2022 година, поднесена од [redacted] од Скопје, со живеалиште на [redacted] за сторена дискриминација врз основа на етничка припадност и политичка припадност, во областа на работата и работните односи од страна на Филозофски факултет – УКИМ и [redacted], Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 08.02.2023 година, го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на етничка припадност и политичка припадност, во областа на работата и работните односи од страна на Филозофски факултет – УКИМ и [redacted].

## О б р а з л о ж е н и е

На 19.12.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка со архивски број 08 – 667/1, од страна на подносителот [redacted] против Филозофски факултет – УКИМ и [redacted] за сторена дискриминација врз основа на етничка припадност и политичка припадност, во областа на работата и работните односи.

Подносителот на претставката [redacted] е професор, вработен на Филозофскиот факултет при Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје.

Во претставката подносителот наведува дека во месец октомври 2022 година во семејниот дом на [redacted]/8 во Скопје имал поплава, при што претрпел материјална штета од околу 200 000 денари (двеста илјади денари).

Според тврдењата во претставката, досегашната пракса на факултетот била да се доделува солидарна финансиска помош во случај на несреќи, непогоди, болести и слично. Водејќи се од таквата пракса проследена низ последните 15 години, подносителот на 07.11.2022 година поднел Молба за доделување на финансиски средства за претрпена материјална штета од елементарна непогода (поплава) до факултетската управа на Филозофскиот факултет – УКИМ. На 18.11.2022 година за истата работа поднел Барање до Деканатската управа на Филозофскиот факултет – УКИМ. По двете наведени барања, подносителот добил негативен одговор.

Врз основа на наведеното подносителот смета дека е дискриминиран, односно дека му е повредено правото на еднаквост од страна на Филозофскиот факултет – УКИМ со недоделувањето на солидарна финансиска помош. Во продолжение навел дека е дискриминиран врз основа на неговата етничка припадност (влашка) и политичка припадност, бидејќи како што наведува спрема него е постапувано нееднакво во поглед на

остварување на правото на солидарна финансиска помош. Во поткрепа на тврдењето навел компаратор – колешка од Филозофскиот факултет професорка во пензија – Наташа Мицковиќ, на која факултетот пред десетина години ѝ доделил финансиски средства како солидарна помош заради претрпена значителна материјална штета при пожар во нејзиниот дом.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 22.12.2022 година испрати Известување бр. 08 - 667/2 за произнесување по наводите од претставката до потенцијалниот дискриминатор.

На 09.01.2023 година пристигна Произнесување по наводите од претставката бр. 08 – 37/1 од Филозофскиот факултет – УКИМ и [redacted]

Во проинесувањето се потврдени тврдењата од претставката во однос на фактичката состојба и дополнително е наведено следното:

На 07.11.2022 година до управата на факултетот стигнало Барањето за доделување солидарна помош бр. 05 – 2600/1 од професорот [redacted] Откако било разгледано и оценето врз основа на Одлуката за доделување на солидарна помош објавена во Универзитетски гласник бр. 232/2012, било одлучено дека нема правен основ за доделување на средства во ваков случај, бидејќи не станало збор за елементарна непогода. Од таа причина до подносителот било доставено Известување, со кое се известува дека не се исполнети условите за постапување по Одлуката. Од друга страна, со цел да му се помогне на професорот [redacted] за време на санирање на подот во неговиот стан, Универзитетот привремено му отстапил стан во Домот за докторанди „Атанас Близнаков" на УКИМ.

На 18.11.2022 година професорот повторно поднел Барање за солидарна помош со бр. 05 – 2600/3, кој бил доставен на одлучување до Деканатската управа, која како орган на факултетот е составена од 11 членови. На XX -та редовна седница на Деканатската управа, едногласно била донесена одлука со која се одбива барањето како неосновано, како и образложение за истото. Но и покрај тоа што формално не можело да му се додели солидарна помош на професорот, на седницата се дискутирало врз доброволна основа и лични средства колегите да му помогнат на професорот заради непредвидливата ситуација во која се нашол.

Во произнесувањето се наведува дека донесената одлука се темели на **член 2, став 1 од Одлуката за доделување на солидарна помош (Универзитетски гласник бр. 232/2012)**:

*„Солидарна помош се доделува заради здравствени потреби, боледување подолго од 6 месеци, последици од елементарни непогоди, посмртни трошоци и сл."*

Во конкретниот случај Деканатската управа утврдувајќи ја фактичката состојба оценила дека поплавата во домот, согласно доставеното барање не е последица од елементарна непогода, со оглед на тоа што како елементарна непогода се смета природна непогода која

ја загрозува животната средина, животот и здравјето на луѓето, материјалните добра, животинскиот и растителниот свет и културното наследство. Во продолжение се наведува:

„Земајќи го предвид обемот на претрпената штета во домот од поплавата, не може да се смета дека има штета ниту од слична природа како елементарна непогода, каде би дошло до пропаѓање на ствара (недвижноста) или претрпување на значителна штета која што е тешко надоместлива. Исклучиво поради непостоење на правен основ за доделување на финансиски средства како солидарна помош е донесена Одлуката со која се одбива барањето на [redacted].“

Во однос на посочениот компаратор во претставката, во произнесувањето се појаснува дека не станува збор за идентичен случај. Тоа од причина што во споредбениот случај станувало збор за огромна материјална загуба, при што поради пожарот дошло до пропаѓање на недвижноста, односно професорката останала без дом, што по обем на штета е од слична природа како елементарна непогода. За таквиот случај факултетот доделил солидарна помош, во вредност согласно рамката дадена во Одлуката за солидарна помош, која како што наведуваат е од многу мал дел за покривање на таквата голема загуба, односно целата недвижност.

Во произнесувањето е наведено дека во други случаи Филозофскиот факултет доделувал солидарна помош во случаи на: здравствени потреби, боледување подолго од 6 месеци, посмртни трошоци, но досега никогаш не било побарано, ниту била доделена солидарна помош за ваков вид и обем на претрпена материјална штета при домашни хаварии како во конкретниот случај на подносителот на претставката.

Дополнително е наведено дека Филоофскиот факултет во Скопје спрема сите вработени се раководи од начелото на еднаквост и недискриминација, како и дека сите одлуки кои се донесени и се однесуваат на вработените се донесени согласно законските, подзаконските прописи, како и правните акти донесени на Универзитетот и Филозофскиот факултет.

Во конкретниот случај се наведува дека Одлуката со која е одбиено барањето за солидарна помош, не била донесена од деканот на факултетот, туку од орган – Деканатска управа, составена од повеќе членови, при што по пат на гласање била донесена од сите присутни. Дополнително во произнесувањето наведуваат дека по предлогот за хуманитарна и доброволна помош од вработените било постапено и му се излегло во пресрет на [redacted].

Врз основа на изнесеното од страна на потенцијалните дискриминатори: Филозофскиот факултет – Скопје, [redacted] и Деканатската управа на факултетот се отфрлаат наводите дека од нивна страна кон подносителот на претставката е извршена дискриминација по етничка основа и политичка определба.

Од сето горенаведено, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не е сторено веројатно тврдењето на подносителот за сторена дискриминација. Од фактите и околностите изнесени во претставката не произлегува причинско – последична врска помеѓу наведените дискриминаторски основи и конкретна повреда на право,

односно не е утврден нееднаков третман врз дискриминаторска основа кон подносителот на претставката. Со оглед на тоа што во актот донесен од страна на Филозофскиот факултет при УКИМ – Одлука за доделување на солидарна помош (Универзитетски гласник бр. 232/2012) не е дефиниран поимот на елементарна непогода, како и во позитивното законодавство, Комисијата нема надлежност истиот да го толкува.

Дотолку повеќе што не е сторено веројатно постоењето на нееднаков третман врз дискриминаторските основи наведени во претставката: етничка припадност и политика припадност. Имено, подносителот во претставката единствено навел дека има влашка етничка припадност и истото не го ставил во корелација со наведениот компаратор, ниту навел дополнителни податоци од кои може посредно да се заклучи. Во однос на политичката припадност како дискриминаторска основа нема наведено никакви тврдења. Од друга страна, посочениот компаратор во претставката - професорка на Филозофскиот факултет во пензија, на која факултетот ѝ доделил солидарна помош не е адекватен компаратор за конкретниот случај. Тоа од причина што според тврдењата изнесени во произнесувањето, се работи за ненадоместлива штета предизвикана од пожар, односно штета од голем обем, со која било предизвикано пропаѓање недвижноста – домот.

При така констатирана состојба, во недостаток на нееднаков третман врз дискриминаторска основа при остварување на правото на солидарна помош не може да стане збор за дискриминација. Оттука произлегува дека не е исполнета законската **дефиниција за дискриминација од член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

Заради горенаведеното Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности одлучи како во диспозитивот на мислењето дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација врз основа на етничка припадност и политичка припадност, во областа на работата и работните односи од страна на Филозофскиот факултет – УКИМ и [redacted].

Скопје,
08.02.2023 година

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:

- [redacted]
- Филозофски факултет – Скопје, УКИМ со адреса на бул. „Гоце Делчев" бр.9/А, 1000 Скопје